# ХУМАНИСТИЧКАТА МИСЛА И ОПШТЕСТВЕНАТА СТРАТЕГИЈА

Јованка КЕПЕСКА

## ОПРЕДЕЛБАТА ЗА ТЕМАТА ХУМАНИСТИЧКАТА МИСЛА И ОПШТЕСТВЕНАТА СТРАТЕГИЈА

Еден од фундаменталните нововековни стремежи од пред два века па сè до почетокот на овој век претставува барањето да се воспостави збирот или подобро речено, единството на науките - univerzitas, при што, би се очекувало, вклучени да бидат и коректививите што придоаѓаат со општествениот тек. Интенцијата била, единственото знаење или синтезата на знаењето да се оствари врз основа на филозофијата. Ова идеја, меѓутоа, ставена е настрана, не затоа што не била добра, туку заради тоа што капитализмот пројавил тенденција кон сеопшта специјализација на трудот, а во рамките на тоа, и на науките. Органското единство на науките со тоа се распаѓа на природни, од една страна, и на хуманистички, социјални и историски науки, од друга. Критика доживуваат, исто така, колку практичното преиначување, промената на светот, толку и самиот теориски карактер, самоинтерпретативноста, односно, тоталната интерпретација на светот преку филозофијата. Филозофијата, сега, иако сеуште во форма на резидуум на спекулативната субјективност, тендира кон својата реализација во што примат добиваат меѓучовечките односи, довршувајќи ја на таков начин метафизиката. Токму процесот во кој преку двојството што непрестајно се надигрува - од филозофија во реализирана филозофија, како премин на филозофија во постфилозофија, и да се менат меѓучовечките одни, иако сеуште во форма на метафизичка индивидуализација, се наречува хуманизам. На дело е двојната форма: хуманото во практиката и практиката во хуманото. Тука не станува збор само за тоа вистинското царство да се сведе на обостраноста, туку, конечно, вишата дејност, субјективниот посредник на слободното време, да стапи во непосредниот процес на продукција и во однос на настанатиот човек да се искаже како дисциплина, извежбување, материјално творење и себеопредметувачко знаење, патот на кој се воспоставува апсолутната практика на трудот.

Научниот труд во форма на работна наука, денес, сосема е јасно дека станува суштина на битието, неговото случување, остварување.

Во науката како труд, во научниот труд, конструктивното конструирање на битието, се реализира наследството на целата метафизика собрана во едно и исто. Имено, кога планирањето, раководењето, управувањето со другите и рационалното стопанисување, што воедно е извршување и одржување на процесот, развој и унапредување на погонот, ја претпоставуваат технолошката суштина на знаењето, науката е нешто што станува истоветно со светот на трудот. И, се разбира, како и во изворното и исконското кажување и покажување, во митосот и имплицитната метафизичка структура и тука, со оглед на историската можност, како место на сите мисли, на чинот и сочинувањето, се работи да се отвори сè она што е суштина на битието. Станува збор за улогата што ја има битието со оглед на темелната можност, трудот само раководен со знаење да презема обработка.

Сепак, фундаметалниот проект на трудот во целиот историски период досега останува базиран врз Аристотеловата метафизика, односно одвоеноста на теоријата, поетиката и практиката, иако Хегеловата филозофија на трудот со пресвртот кон овостраноста се реализира во Марксовата општа ергологија и технологија на трудот. Мартин Хајдегер дури во својот последен спис од 1969 година јасно говори за крајот на филозофијата што ги подразбира како собирање во нејзината крајна можност и извршувањето во самостојни, за него традиционалните, науки, што меѓусебно сè поодлучно комуницираат и го претставуваат легитимното довршување на филозофијата.

Отпочнувањето на единството на науките, научноста, акумулираното знаење на општеството за себе и од себе, самосвесниот општествен труд, укинат воедно како труд на поединецот и остварено единство на мислењето и битието - тоталното сфаќање на науката се најдува како можност во склопот на хумано-социјално-историските науки.

Така, Филозофскиот факултет во Скопје, во својот концепт, од своето настанување до денес, во основа ја содржи идеата за воспоставување на институционалното единство на хумано-социјално-историските науки. Оттука произлегува тие актуелно да се групирани на овој факултет во институтите за филозофија, класична филологија како alma mater за сите дисциплини за човекот, општеството и историјата но и предуслов за истражувањето на западната цивилизација, потоа во институтите за историја, историја на умтност, социологија која се афирмира како најрепрезентативна хуманистичка наука, социјална политика, педагогија, психологија, во посебна катедра за хуманистички дисциплини што се застапени на одделни студии и во институт и катедра за концепцијата за мирот, одбраната и заштитата на македонскиот народ и македонската држава.

Конципирањето на Филозофскиот факултет јасно е дека е во рамките на традиционалните интенции за универзитетската реформа што речиси пред два века, 1810 година, со основањето на Берлинскиот универзитет ја отпочнува Вилјем Хумболт, а што преку австриската варијанта пресудно врши влијание во сите балкански земји.

Како научници повикани сме да укажеме уште и на тоа дека во науката секоја нејзина категоријална артикулација за постигнувањето на идентитетот на знаењето и материјата што го бара историското мислење, е преодна. Крајно, навестеното иако нелаборирано, историско мислење, се грижи околу веста што се известила во информација но и во суштината на говорот. Веста е таа што го усмерува нашето знаење кон новото, актуелното и неисцрпливото во животот и можеби ускратено да се покаже во неа, додека митосот е нашето техничко справување - сметање, темелот на секое современо и наше мислење, чинење, сочинување и промислување и пресврт кон сè уште неодлучената полнотија на поинаквата можност: фактичките, емпириските науки да се втемелат со оглед на својата научност, во научната нацрт - обработка на светот.

Во таков случај, критиката и самата определена со темпоралноста на животното време, од критика на минатото нужно прераснува во критика на сегашноста, но и во име на критиката што ја претпоставува позицијата од која се врши, а таа јасно е дека го подразбира човечното општество, односно општествената човечност.

Критиката не може да остане и само формално-апстрактна, морализаторска, туку таа има императив на теориско-дијалошко расудување, расправа со различни тези, за да се постигне синтезата на теориската со практичко-политичката, етичката и економската димензија. Оттаму јасно е дека теориски неелаборираниот концепт тешко може реално да се разреши. Затоа критиката е и вистинската ако расчистува, надминува и не создава нови противречности помеѓу умното и фактичкото, бранејќи определени вредности.

Рационалниот пристап иманентно има критички карактер. Георг Фридрих Вилјем Хегел, дообјаснувајќи го попредметувањето на апстрактното, хипостазата кај Имануел Кант, определува дека рационалното, разумното односно логички реалното има три нивоа: разумското, негативното и позитивното умно. Притоа филозофијата е општото (разумското), науките се критичкото (негативното) додека политиката е афирмативно-позитивното ниво. Тоа е начинот теоријата да се поврзе со практиката, филозофијата да се реализира а стварноста да стане филозофична.

Развиените општества извршувајќи ја сопствената рационализација токму врз нововековното филозофско, научно и политичко

гледање што сега станува основа за поразвиена демократија, денес, пледираат за таканареченото отворено општество и либерализам. Сепак, според трите нововековно елаборирани и остварувани стојалишта за демократијата, конституционалното, републиканското (или конфликтното) и либералното, моментот на рационализација останува незаобиколив. Ако во денешни услови основната вредност која се поставува е зацврстување на демократијата тогаш помеѓу слепата доверба на пазарот и неговиот фанатизам, од една, и, од друга страна, инсистирањето на политичките слободи и културниот и политички плурализам, таа ги претпоставува, граѓанственоста и законитоста истовремено со рационалното дејствување. Тоа е интенцијата на интелектуалната Европа, тоа е интенцијата на интелектуалноста на целиот свет.

Пледоаето за релацијата на хуманистичката мисла и општествената стратегија и придонесот што се очекува од нашите колеги и од одделните науки на Филозофскиот факултет и пошироко е дијалошки осмислената дебата за материјалниот, правниот и инструменталниот концепт на нашиот општествен развој и неговата пропулзивна моќ. Особено затоа што, да завршам со една мисла на големиот пријател на Филозофскиот факултет во Скопје, филозофот Вања Сутлиќ: „Иако за историскиот склоп никој не може да пресмета нова констелација, сепак, ако се изиграат сите можности, нема да не апсолвира од задачите на животот поради што е веќе време озбилно да се сфати ставот за реализацијата на филозофијата...“[1]

Jovanka KEPESKA

## THE COMMITMENT TO PURPOSE OF THE TOPIC „HUMANISTIC THOUGHT AND SOCIAL STRATEGY“

(Summary)

The process in which, through the duality that is constantly superimposing-from philosophy, to actualized philosophy, as transition of philosophy into post-philosophy, as completion of metaphysics, although still in the form of meta-

1. Vanja Sutlić, „Praksa rada kao znansvena povijest“, Globus, Zagreb, 1987 god., стр.12.

physical individuation, is humanism because it is alteration of human relations. Philosophy as being gathered to the ultimate possibility is accomplished through independent sciences that inter-communicate more decidedly and legitimately complete philosophy. The dual form is also in action: the humane in practice and practice in humane, i.e. for research to enter the immediate process of production; in order for science to become the same as the world of labour. The plea for the relation of humanistic thought to social strategy and the contribution that is expected of the humanistic-social-historical sciences is a more comprehensively created debate in the form of a dialogue on the material, legal and instrumental concept of our social development and its propulsory power.